# ЈУБИЛЕЈНО СПИСАНИЕ НА ТРУДОВИ НА ДНУ

# JUBILEE MAGAZINE OF WORKS OF THE SOCIETY FOR SCIENCE AND ART PRILEP


ТОМ 32-33
ГОДИШТЕ 2016-2017
ПРИЛЕП
PRILEP

| | |
|---|---|
| ЈУБ. СП. ТР. ДНУ – ПРИЛЕП 32/33 | Стр 1-264, Прилеп, 2016-2017 |
| JUB.MAG.WORKS.SSA – PRILEP 32/33 | Page 1 - 264, Prilep, 2016-2017 |

**ЈУБИЛЕЈНО СПИСАНИЕ НА ТРУДОВИ НА ДНУ**
**JUBILEE MAGAZINE OF WORKS OF THE SOCIETY FOR SCIENCE AND ART PRILEP**

# ЈУБИЛЕЈНО СПИСАНИЕ НА ТРУДОВИ НА ДНУ

# JUBILEE MAGAZINE OF WORKS OF THE SOCIETY FOR SCIENCE AND ART PRILEP

**ТОМ 32-33**

**ГОДИШТЕ 2016-2017**

**ПРИЛЕП 2021 PRILEP**

# ПРЕДГОВОР

***Педесет годишното опстојување и развој на Друштвото за наука и уметност – Прилеп*** **(1971 – 2021)** претставува значаен јубилеј за оваа институција, препознатлив не само во регионални, туку и во национални рамки по својот придонес во збогатувањето на научно-стручната мисла и уметничката визија.

***Друштвото за наука и уметност – Прилеп***, како едно од ретките друштва од ваков вид во РС Македонија, во текот на своето постоење ***континуирано бележи квалитативен и квантитативен раст.***

***Мисијата на Друштвото*** е да се залага и да ја следи непосредната примена на новите научни сознанија, да развива непосредна научно-уметничка соработка со други научни, културни, наставно-образовни институции и асоцијации, како и со сите правни субјекти во земјата и странство, по пат на размена на искуства, предавања, научни расправи, тркалезни маси и публикации.

***Нашата цел*** е преку здружување на научните и стручните работници и уметници, и со примена на современите методи и форми, да и даеме помош на заедницата при решавање на проблемите околу економско-технолошкиот напредок и сеопштиот развој.

***Нашата дејност*** се проширува низ годините – организаторската активност за прибирање на научно-стручна и друг вид литература, резултираше со формирање ***богата библиотека и геолошка збирка на руди***, со постојано изнаоѓање на форми и начини за дејствување и остварување на научно-истражувачката работа и уметничката дејност, а особено со богата издавачка дејност, која континуирано се збогатува со годишникот ***„Списание на трудови на ДНУ Прилеп"***

***„Списанието на трудови на ДНУ – Прилеп бр. 32-33"***, кое Ви го презентираме е збир на оригинални, рецензирани трудови, добиени како резултат на научните и стручните сознанија од различни области до кои дошле нашите членови и соработници.

***За својот придонес*** во развојот на научната мисла и уметноста, за активната соработка со научните институции, научно-истражувачките органи и организации, ***ДНУ Прилеп е наградувано и одликувано со благодарници и повелби*** од страна на Собранието на Општина Прилеп и пошироко на ниво на државата.

**ЈУБИЛЕЈНО СПИСАНИЕ НА ТРУДОВИ НА ДНУ**
**JUBILEE MAGAZINE OF WORKS OF THE SOCIETY FOR SCIENCE AND ART PRILEP**

**ДРУШТВО ЗА НАУКА И УМЕТНОСТ – ПРИЛЕП**
**SOCIETY FOR SCIENCE AND ART PRILEP**

**Излегува:** еднаш годишно

**Главен и одговорен уредник**
**Editor in chief**
вон. проф. д-р Силвана Пашовска

**Редакциски одбор**
**Editorial board**
проф. д-р Силвана Пашовска
проф. д-р Љубен Попоски
проф. д-р Јованка Тутеска
проф. д-р Гордана Мицеска
дипл. прав. Тодор Алексоски
проф.Д-р Цане Котески

**Превод на резимеата на англиски јазик**
**Translated in to English**
од авторите

**Јазична редакција и корекција**
Тодор Алексоски

**За издавачот**
вонр. проф. д-р. Силвана Пашовска
**Списание на трудови на ДНУ-Прилеп, бр. 32-33, 2016-2017**

**Печати: печатница „Ацетони" – Прилеп**

**Тираж:** 150 примероци

**Адреса на Редакцијата на списанието:**
ДНУ – 7 500 ПРИЛЕП Прилепски бранители 40, п.фах.172
**ISSN** 0352 - 3497

# СПИСАНИЕ НА ТРУДОВИ
# ДРУШТВО НА НАУКА И УМЕТНОСТ – ПРИЛЕП

## СОДРЖИНА


**ПРЕДГОВОР** .............................................................................................. 7

**Тодор Алексоски: Потпретседател на Друштвото за наука и уметност Прилеп**
ЕСПЕРАНТО ОД ИДЕЈА ДО СВЕТСКИ
ФЕНОМЕН.............................................................................................. 9

**м-р Елена Беличанска, Слободан Беличански**
СТРАВ ОД СУБВЕРЗИВНАТА МОЌ НА ФИЛМОТ – ЦЕНЗУРИРАЊЕТО НА
ФИЛМОВИТЕ ОД ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ЦРН БРАН (1969-1971) ................ 21

**м-р Зоран Василески**
ЦЕЛИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА КАКО ЗЕМЈА ЧЛЕНКА НА НАТО.................................... 31

**м-р Зоран Василески**
КОВИД-19 И САЈБЕР-ТЕРОРИЗМОТ - НОВИ ИЗВОРИ НА
ЗАГРОЗУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ ........................ 39

**м-р Роза Галеска**
МОДЕЛ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СТРЕСОТ ВО
РАБОТНАТА СРЕДИНА.............................................................................. 49

**проф. д-р Гвероска Биљана,**
**дипл. инж. на биотехнички науки Талевска Даниела**
МЕРКИ ЗА КОНТРОЛА НА БОЛЕСТИТЕ НА
ТУТУНСКИОТ РАСАД.............................................................................. 59

**проф. д-р Мирослав Димитриески, проф. д-р Гордана Мицеска,**
МОРФО-БИОЛОШКИ И ТЕХНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НЕКОИ
СТРАНСКИ ОРИЕНТАЛСКИ СОРТИ ТУТУН
КОЛЕКЦИОНИРАНИ ВО ГЕН БАНКАТА НА НАУЧНИОТ
ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН ПРИЛЕП.................................................................. 75

**дипл. земјоделски инженер Филип Димкоски**
АНАЛИЗА И СПОРЕДБА НА БОТАНИЧКИТЕ ГРАДИНИ ЛОКРУМ,
АЈАЗМО И БОТАНИЧКАТА ГРАДИНА ВО ЗАГРЕБ.................................... 89

**д-р Емилија Ѓорѓиоска, д-р Александар Матески**
КОЛЕКТИВНИ И СЕРТИФИКАТНИ ТРГОВСКИ МАРКИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА .......... 99

**дипл. ек. Гоце Janушески**
ГРАНИЧНИ ТРОШОЦИ ВО ФУНКЦИЈА НА ДЕЛОВНИОТ МЕНАЏМЕНТ .......... 111

**д-р Нада Караџоска**
КУЛТУРЕН ИНЖЕНЕРИНГ - ФРАНЦУСКИ МОДЕЛ НА ОРГАНИЗИРАНО ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО КУЛТУРАТА .......... 127

**ред. проф. д-р Оливера Костоска, доц. проф. д-р Рената Петревска Нечкоска**
ДОЗНАКИ: ДЕТЕРМИНАНТИ, КАНАЛИ НА ТРАНСФЕР И ЕКОНОМСКИ ЕФЕКТИ .......... 131

**ред. проф. д-р Цане Котески, ред. проф. д-р Златко Јаковлев, ред. проф. д-р Никола В. Димитров**
УЛОГАТА НА ФИНАНСИСКИОТ МАНАЏМЕНТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ОД ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ .......... 145

**ред. проф. д-р Цане Котески, ред. проф. д-р Златко Јаковлев**
АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ
ARCHAEOLOGICAL LOCATION STOBI .......... 155

**д-р Каролина Кочоска**
ПРОИЗВОДНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НЕКОИ ПОЛУОРИНТАЛСКИ СОРТИ И ЛИНИИ ТУТУН .......... 167

**м-р Каролина Мицевска**
ОДНОСИТЕ СО ЈАВНОСТА И ЛОБИРАЊЕТО .......... 175

**проф. д-р Гордана Мицеска, проф. д-р Мирослав Димитриески**
МОРФО-БИОЛОШКИ И ТЕХНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НЕКОИ ДОМАШНИ СОРТИ ТУТУН ОД ТИПОТ ПРИЛЕП КОЛЕКЦИОНИРАНИ ВО ГЕН БАНКАТА НА НАУЧНИОТ ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН – ПРИЛЕП .......... 185

**проф. д-р. Трајче Мицески, вонр. проф. д-р. Силвана Пашовска**
УПРАВУВАЊЕ СО СТРЕСОТ НА РАБОТНОТО МЕСТО .......... 199

**д-р Душица Неделкоска**
УПОТРЕБАТА НА ЖИВОТНИОТ СТИЛ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО РЕКЛАМИТЕ И ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ НИВНОТО ОДНЕСУВАЊЕ ПРИ КУПУВАЊЕ .......... 213

**Петар Петрески**-писател
БОЈАТА ФИЛИП .......... 225

**проф. д-р Љубен Попоски, вонр. проф. д-р Силвана Пашовска**
ЈАВНИОТ ПРИХОД НА БУЏЕТОТ НА С.Р.МАКЕДОНИЈА ОБЕЗБЕДЕН ПРЕКУ ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЦИГАРИ........................................................ 231

**Душко Темелкоски археолог - кустос советник во НУ Завод и Музеј – Прилеп**
ТЕРАКОТИ И БРОНЗЕНИ СТАТУЕТКИ НА АНТИЧКИ БОЖЕСТВА ВО ЗАВОД И МУЗЕЈ ПРИЛЕП ........................................................................... 239

**м-р Зоран Трајкоски**
ПОЛИТИЧКИ МАРКЕТИНГ.............................................................................. 253

# АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ
# ARCHAEOLOGICAL LOCATION STOBI

Цане Котески
Универзитет „Гоце Делчев-Штип, Факултет за Туризам и бизнис логистика - Гевгелија
cane.koteski@ugd.edu.mk

Златко Јаковлев
Универзитет „Гоце Делчев-Штип, Факултет за Туризам и бизнис логистика - Гевгелија
zlatko.jakovlev@ugd.edu.mk

## АПСТРАКТ

Во овој научен труд презентиран е Археолошкиот локалитет Стоби како дел од културното богатство на нашата држава кој е многу значаен за развој на туризмот во Вардарскиот регион на  Република Северна Македонија. Во научниот труд презентирани се: Општите карактеристики на Археолошкиот локалитет Стоби, театарот во Стоби, епископската базилика и резиденција, куќата на Перистерија, големата и малата бања, синагогата базилика, градбата со арки и коцкарницата.

**Клучни зборови:** Туризам, културно наследство, археолошки локалитет.

## ABSTRAKT

In this scientific paper is presented the Archaeological site Stobi as part of the cultural wealth of our country which is very important for the development of tourism in the Vardar region of the Republic of Northern Macedonia. The scientific paper presents: The general characteristics of the Archaeological site Stobi, the theater in Stobi, the episcopal basilica and the residence, the house of Peristeria, the big and the small bath, the synagogue basilica, the building with arches and the casino.

**Keywords:** Tourism, cultural heritage, archeological site.

## ВОВЕД

Стоби е антички град кој со својот урбан дел се наоѓа на три тераси, што се спуштаат кон Црна Река, опкружени со ѕидови, а на устието меѓу Црна Река и Вардар.

Познато е дека тука минувале главните патишта кои ги сврзувале областите на преден Дунав со медитеранските земји, уште од предисторискиот период. По овој главен пат на Балканскиот Полуостров се движеле културните влијанија од југ кон север и обратно. Црна Река, од друга страна, претставувала природен пат кој ги поврзувала централните области на Македонија со Јадранското Море. Во римскиот период покрај Црна Река водел значаен пат, кој го поврзувал градот Стоби со Виа Игнација кај Хераклеја Линкестис, близу до денешна Битола. Така градот Стоби заземал мошне значајна стратегиска, воена и трговска позиција во античкиот период.

Јужно од градот се наоѓаат траги од предградија, додека портата на градот што води кон Хераклеја, а по падините од Гробјанската црква до базиликата во Паликура, се наоѓаат повеќе некрополи. Тие некрополи се од хеленистички, римски, византиски и словенски период.

## 1. Културно наследство

Изразот „културно наследство „вообичаено се користи како“, општ назив за сите материјални и духовни добра останати од претходните генерации, од поблиското или подалечното минато и до современоста допираат како материјални симболи или

како обичаи, навики, обреди, искуства, знаења и умеења. Тоа се содржини од различни области на животот, а не само од областа на културата, пренесувани од една на друга генерација, независно од времето, местото, начинот, целта и формата на создавањето или кој ги создал“.[1] Во Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство, како и во препораката на УНЕСКО за заштита на културното и природното наследство на национален план, изразот културно наследство е употребен како „генерички поим само за недвижностите (споменици, групни зданија и знаменити места) што се од исклучителна универзална вредност“.[2]

Материјалното наследство вообичаено вклучува објекти, историски места, споменици, артефакти итн., кои се сметаат како вредни за презервација за идните генерации. Тука спаѓаат објекти значајни за археологијата, архитектурата, науката или технологијата на одредена култура. Но културно наследство се и природните вредности и реткости како и духовното богатство наследено од минатото. Од сето ова произлегува дека дефиницијата за културно наследство мора да биде „описно изразена до степен што ѝ обезбедува операционалност, инструктивност и едукативност, а со таквите белези да биде во функција на ефикасното остварување на нејзината заштита“.

Ова барање е задоволено со дефиницијата дадена во законскиот проект од 1990 година, во која точно и прецизно е определена содржината на поимот и од која јасно се знае кој објект или предмет е културно наследство и е предмет на заштита.

Во Законот за заштита на културното наследство од 2004 година, во член 2, културното наследство се дефинира како „материјални и нематеријални добра коишто, како израз или сведоштво на човековото творештво во минатото и сегашноста или како заеднички дела на човекот и природата, поради своите археолошки, етнолошки, историски, уметнички, архитектонски, урбанистички, амбиентални, технички, социолошки и други научни или културни вредности, својства, содржини или функции, имаат културно и историско значење и заради нивната заштита и користење се наоѓаат под правен режим“. Со оваа дефиниција културното наследство се третира како единствена целина во која и материјалното и духовното наследство стануваат предмет на правна заштита. Во членот 3 од овој закон се наведува дека културното наследство, според својствата може да биде недвижно, движно и духовно, а според значењето - од особено и од друго културно и историско значење. Според степенот на загрозеноста пак, може да биде загрозено и незагрозено со што се определува приоритетот во заштитата на културното наследство кое е во опасност.

## 2. Градот Стоби

Стоби потпаднал под македонска власт во 217 година п.н.е., во времето на македонскиот крал Филип В. Во предримскиот период бил мал град со површина од 2,5 хектари. На преминот од старата во новата ера, кога станал римска провинција, прераснал во значаен трговски, административен, воен и културен центар. За економскиот и културниот растеж на Стоби сведочат раскошните монументални градби, меѓу кои најрепрезентативниот објект во Стоби - театарот, потоа Градската порта, објектот Каса Романа, објектот под внатрешниот бедем и други објекти чии делови се откриени. Стоби во тоа време имал изградена инфраструктура со водоводи, јавни и приватни бањи и градски чешми. Својот монументален изглед градот го добил во доцноримскиот период. Најзначајните откриени објекти, меѓу кои куќите на Партениус, Полихармос, Перистереј, Теодосијската палата, епископската резиденција, Куќата на ткајачот и други, потекнуваат од периодот меѓу IV и V век. Благосостојбата

---

[1] Ристов Ј, *Споменичка терминологија – генерички поими за заштитени добра со избор на дефиниции*, Скопје, 1997, стр. 12

[2] Vrguljan V, *Medjunarodni sistem zastite kulturnih i prirodnih dobara*, Zagreb – Beograd, 1985, стр. 48

на градот особено се доловува преку палатите и базиликите, украсувани со фрески и мозаици, кои во најголем дел потекнуваат од V век, времето на највисокиот процут и значење на Стоби, кога станал главен град на новоформираната провинција Macedonia Secunda. Новиот град за кратко време би изграден на површина осум пати поголема од дотогашната населба. Во Стоби е пронајдена синагога од IV век над остатоците од синагога од III век. Синагогата во Стоби е една од најважните археолошки откритија во јужнословенските земји во времето на антиката. Доказите за развојот на христијанството во Стоби потекнуваат од 325 година, кога стобскиот епископ учествувал на Првиот црковен собир во Никеа. Во овој период Стоби се развил како град со единствена христијанска религија во царството, при што синагогата била претворена во христијански храм. За растежот на христијанството сведочи и големиот број откриени крштелници во катедралните цркви. Градот доживеал големи пустошења при нападите на Хуните и Остроготите во V век. Во VI век настрадал од земјотрес и никогаш повеќе не бил обновен. Со големиот број монументални објекти, споменици и артефакти, меѓу кои театарот, централната базилика, ранoримскиот аквадукт, палатата на Перистереј, градската вила, монетоковачницата, големата бања и многу други древни споменици, Стоби денес претставува археолошки локалитет со непроценлива вредност. Неговото значење го зголемуваат сознанијата за постоење голем број сеуште неистражени артефакти. Едно од последните откритија во Стоби е позлатената мермерна глава, пронајдена при истражување на римскиот форум, кој служел како плоштад на античкиот град. Главата е пронајдена падната покрај една од засводените ниши на објектот. Иако во неколку дела, може целосно да се реконструира. Пронајдокот е единствен во поширокиот регион.

### 2.1. Театарот во Стоби

Театарот во Стоби е еден од најимпресивните објекти што некогаш биле изградени во овој град. Се наоѓа на јужната периферија од градот и за разлика од другите антички театри во Р. С. Македонија е изграден на блага падина или пак на рамна подлога. Седиштата се поставени врз претходно изградена конструкција од радијални и циркуларни ѕидови. Театарот има 3 фази на градење односно функционирање. Првата фаза е недовршена, поточно кон крајот на I век од н.е. била поставена платформа за една поинаква сценска зграда која никогаш не била завршена.

Концептот за градење бил сменет, а оваа платформа засипана со земја.

Во средината на II век бил комплетно изграден театарот со гледалиштето и прекрасната сценска зграда. Неговиот репертоар го сочинувале гладијаторски и венаторски борби, мимички претстави и хорски изведби. Публиката влегувала во објектот преку влезовите од надворешната страна кои воделе во ходниците под гледалиштето од каде се стигнувало до мермерните седишта. Седиштата биле поставени во 33 – 35 реда поделени на два дела со централна патека (средна дијазома).

Денес комплетно недостасува горната половина од гледалиштето, а единствено се забележуваат потпорните ѕидови. Капацитетот на театарот бил околу 7 600 гледачи.

Интересно е тоа што на седиштата има врежани фамилијарни и индивидуални имиња така што реномираните граѓани на Стоби секогаш имале резервирани места.

Гледачите од најниските редови до оркестрата биле заштитени со мрежа така што и денес се забележуваат дупките во седиштата за носачите на мрежата. Сценската зграда била висока околу 13 метри и имала фасада украсена со розеникави мермерни столбови поставени на два спрата.



**Слика 1.** Дел од театарот во Стоби

Кон крајот на третиот век, театарот бил оштетен од силен земјотрес, по што следеле поправки. Во оваа трета фаза мрежата на гледалиштето била заменета со заштитен ѕид, а оркестрата добила порти со заградувањето на пародосите. Пред сцената бил подигнат висок ѕид, а централната просторија во сценската зграда била преадаптирана во храм на Немеза. На крајот од IV век театарот излегол од употреба и служел како извор за градежен материјал. Најголем дел од мермерните седишта биле употребени во новиот градски бедем како и во подоцнежните христијански базилики.

Просторот на театарот бил место каде што се исфрлала земја од градежни активности така што во VI век на површината постоело ритче на кое биле изградени куќи. Театарот останал во заборав се до првите истражувања во периодот од 1924 до 1934 година. Потоа, кон крајот на 60 – тите, со механизација била расчистена оркестрата, а во периодот помеѓу 1970 и 1980 година биле преземени нови истражувања со што се корегирани претходните заклучоци. Од 2009 година се отпочнати систематски ископувања со цел комплетно истражување на театарот, негова конзервација и делумна реконструкција.

## 2.2. Епископската базилика и резиденција

Епископската базилика е најзначајниот христијански објект во Стоби. Се наоѓа западно од театарот и во нејзината егзистенција постојат два посебни периода. Првите ископувања биле во 1918 година, а истражувана е и во 1924 – 25, 1927, 1934, 1970 – 78, во текот на 80 – тите и во 90 – тите. Првиот период се однесува на Старата Епископска Базилика, изградена во првата половина или средината на IV век, што ја прави најстара црква во Р.С. Македонија. Можеби ја подигнал епископот Будиос кој учествувал на првиот екуменски собор во Никеја во 325 година. Таа има трикорабна диспозиција при што средишниот кораб е одвоен со колонади од страничните. Некаде во втората половина на IV век црквата е проширена кон исток, а обновени се и северниот и јужниот ѕид. Подот има три зони на мозаик со геометриски мотиви. Во едно поле стои натпис дека епископот Евстатиј е обновителот. На северниот и јужниот ѕид од базиликата се сочувани фреските од IV век што е единствен случај во Македонија. На нив се забележуваат геометриски мотиви, но има и животински и светителски претстави. Вториот период започнува во првата половина на V век со изградбата на новата монументална Епископска Базилика. Од еден натпис кој стоел над влезот во наосот на црквата, дознаваме дека ова се случило во времето на епископот Филип.

Интересно е тоа што новите градители не ја срушиле комплетно старата црква туку подигнале високи темели и го насипале внатрешниот простор. Така, новата црква е издигната околу 4 м., над нивото од старата базилика со што доминира над околниот простор. Таа има два спрата, а во нејзината архитектура се употребени седишта и столбови од театарот со што максимално е изразена нејзината грандиозност.



**Слика 2.** Епископска базилика

Од улицата Via Sacra најпрвин се влегува во атриумот на базиликата, а оттука пак во нартексот кој е поделен на три дела со два пара на столбови. Подот на нартексот е украсен со мозаик на кој има геометриски мотиви и претстави на животни. На ѕидовите биле изведени фрески со ликови на светители. Нартексот комуницира со наосот и страничните простории на северната и јужната страна. Оттука преку скалила се стигнувало до крстилницата. Централниот кораб бил одвоен од страничните со колонади чии столбови носеле прекрасни капители. Столбовите се поставени на стилобат од театарски седишта. Подот во овој кораб бил од мермерни плочи комбинирани со мозаик и сив шкрилец. Во источната половина се наоѓале проповедалницата и оградениот олтарен простор. Мермерните олтарни плочи од преградата имаат релјефно изведени крстови. Подот и олтарната преграда биле обновени. На источниот крај има двојна апсида при што во внатрешниот дел била сместена крипта, а на надворешниот ѕид имало прозорец со масивни сликани и позлатени капители. Ѕидовите на северниот и јужниот кораб биле украсени со фрески.

Јужниот кораб бил обновуван и има два мозаични пода еден над друг.

Во постариот под била вкопана ѕидана гробница во која веројатно е погребан некој епископ. Јужниот ѕид на овој кораб е удвоен и во него, веднаш до крстилницата, има уште една гробница. Крстилницата се наоѓа јужно од базиликата така што нејзиниот северен ѕид е залепен на обновениот ѕид од јужниот кораб. Има четирилистна форма впишана во квадрат и била покриена со купола. На средината има писцина со скали на две страни. Писцината била покриена со балдахин потпрен на мермерни столпчиња. Подот во крстилницата е декориран со мозаици на кој се претставени пауни помеѓу кои има кантарос и елени помеѓу кои има канатарос. Ова е илустрација на Давидовиот псалм 42. Ѕидовите биле украсени со фрески со претставени светители. Од почетокот на 6 век покрстувањето не се изведувало со потопување во писцината, туку за таа намена во употреба бил голем мермерен кантарос. Според наодот на монета од 569 – 70 година под срушените ѕидови на црквата, можеме да констатираме дека базиликата го доживеала својот крај некаде после овие години. Објектот се наоѓа северно од Епископската Базилика и е на многу пониско ниво. Во него се влегувало со спуштање преку скалите од улицата Виа Принципалис Супериор. Од скалите води патека со колонади од двете страни која на средината формира полукружен простор. Од патеката се влегува во сите простории меѓу кои впечатлива е апсидалната просторија на источниот крај со под од песочни плочи. Објектот е истражуван во 1934 и 1940 година, како и подоцна во 2001 година.

Откриени се златен прстен со крст од алмандин и бронзена кадилница.

Документирани се и остатоци од штуко декорација на ѕидовите. Близината на Епископската базилика и наодите со христијански симболи ги навело истражувачите да го именуваат објектот како Епископска Резиденција изградена кон крајот од IV век

н.е. Подоцна, во 6 век, на просторот биле изградени куќарки кои ги искористиле постарите ѕидови.

### 2.3. Куќата на Перистерија

Куќата на Перистерија се наоѓа во центарот на градот и од сите четири страни е заградена со улици. Најголемиот дел е откриен во 1933 – 34 година, додека во 1965 – 66, 1971, 2001 и 2005г., се изведени помали археолошки ископувања во одредени делови. Куќата е всушност комплекс од простории со станбен и стопански карактер и имала најмалку два спрата на што упатуваат откриените скали. Југоисточната половина е репрезентативниот дел на градбата. Тука се сместени перистил, два триклиниума (трпезарии), бања, голем двор и неколку помали простории. Перистилот е опкружен со повеќе столбови и е поплочен со песочник. На северозападниот крај има базен заграден со плочи од кои централната е фрагмент од надгробна стела од II - III век со претстава на четиричлено семејство. Двата триклиниума се наоѓаат југозападно од перистилот. Западниот триклиниум има подно ниво од песочник додека источниот има мозаичен под со фонтана на средината. Мозаикот е поделен во повеќе полиња кои имаат геометриски мотиви, водни животни и претстави со христијанска конотација. Во едно од полињата се наоѓа натпис каде се споменуваат имињата на четири личности од кои двајца имаат презиме Перистерија. На мозаикот во јужниот брод од новата епископска базилика исто така се среќава името Перистерија. Според мозаикот во триклиниумот, куќата на Перистерија е датирана во V век н.е.



**Слика 3.** Куќа на Перистерија

Во јужниот агол на градбата се простира голем двор под чиешто подно ниво се откриени постари ѕидови од I – II век н.е. и гробови од III – II век п.н.е.

Северозападната половина од куќата има многубројни мали простории организирани околу два дворa. Кај овие простории се забележуваат многубројни преградби. Во помалиот двор е откриена печка за керамика и керамички отпад околу неа.

### 2.4. Голема и мала бања

Големата бања се наоѓа спроти Куќата на Перистерија од другата страна на улицата Виа Пинципалис Супериор. Истражувана е во 1931 – 32 година, а конзервирана е во 1960. Во бањата се влегува од улицата Виа Аџиа. Аподитериумот (соблекувалната) е најголемата просторија и се наоѓа во западниот дел од градбата.

Покрај ѕидовите има банкини на кои седеле посетителите, а целиот простор е поделен на два дела со аркада. Под подот на аподитеирумот е документирана постара градба со низа од мермерни столбови во која се откриени две скулптури. Едната е Венера со делфин, додека другата е почесна претстава на некој граѓанин од почетокот на III век.



**Слика 4.** Големата бања

Од аподитериумот се влегувало во фригидариумот (соба со ладна вода) и калдариумот (соба со топла вода). Калдариумот завршува со апсида на источниот крај и има пет ложишта распоредени од надворешната страна. Во внатрешноста се распоредени кади во кои имало топла и млака вода. Денес на површината е презентиран хипокаустниот систем за затоплување под подот на просторијата. Водата во калдариумот е донесувана преку водоводна линија поставена врз аркада. Северно од калдариумот се наоѓаат двор и латрина (тоалет) под кои поминуваат одводните цевки.

Источно од калдариумот се наоѓа уште еден сегмент од бањата со полукружни базени за кој се смета дека е исто така фригидариум со оглед на тоа што отсуствува систем за затоплување. Бањата е изградена на крајот од III век н.е. Веднаш до апсидата на Синагога Базиликата се наоѓа Малата Бања. Нејзиниот источен дел е пропаднат во однос на западниот што би се должело на пореметување на подлогата веројатно предизвикано од земјотрес. Ископувана е во 1931 и 1963 година, но нема многу податоци за овие истражувања. Северната половина на градбата ја опфаќа една широка просторија со под од песочни плочи, определена како аподитериум или соблекувална.

Од аподитериумот, на запад, се влегувало во полукружна просторија која е најверојатно фригидариум. На југ се наоѓаат три апсидални простории распоредени во низа. Тука најпрвин се влегува во тепидариум со мал базен, а од таму во другите две простории кои имаат хипокаустен систем под подовите, но кај нив недостасуваат кади.

Ложиштето се наоѓа под најисточната апсидална просторија и до него се доаѓа преку влез од аподитериумот. На исток од соблекувалната се наоѓаат уште две простории од кои едната има одводен канал и определена како латрина (тоалет).

### 2.5. Синагога базилика

Базиликата се наоѓа јужно до Цивилната Базилика и своето име го добива поради тоа што под нејзините темели се наоѓаат темелите на две постари синагоги.

Истражувања се вршени во 1931 година и 1970 – 74 година. На западниот крај од базиликата се наоѓа атриум во форма на перистил во кој се влегува од улицата Via Principalis Inferior. Источно од атриумот има нартекс додека јужно се наоѓаат други простории кои комуницираат со палатата на југ од базиликата. Наосот на базиликата е троброден и има под од печени тули. Корабите се одвоени со колонади, а во олтарниот простор постоел реликвијар со крстовиден отвор. Базиликата била изградена на крајот од IV или почетокот на V век. Со првите истражувања во 1931 година, во атриумот е откриен столб со натпис кој кажува дека Тибериј Клавдиј Полихарм, таткото на синагогата во Стоби, отстапил дел од својата куќа за потребите на храмот. Со ископувањата во 70 – тите, под подот на базиликата се откриени остатоците од две синагоги изградени една врз друга. Синагогата II била подигната кон крајот на III и почетокот на IV век н.е. додека постарата Синагога I е од II век. На ѕидовите од постарата синагога се откриени натписи кои велат посветено на таткото Полихарм.

По рушењето била изградена новата и поголема синагога со мозаични подови со геометриски мотиви. На еден од ѕидовите од Синагогата II во малтерот била врежана менора. Во 1994 година е откриен натпис на кружна мермерна плоча кој вели дека тремот на синагогата го обновил Александар пхронтистес (заштитник, чувар на синагогата) на крајот од III или почетокот на IV век. Во 1971 година под нартексот на Базиликата се откриени ѕидови од хеленистичка градба и едно депо со сребрени монети датирани во интервалот меѓу 211 и 125 г. п.н.е.

### 2.6. Градба со арки

Истражувањата на овој простор започнале во 1972 - 74 година, кога е сондиран внатрешниот градски бедем. Од неговата внатрешна страна е откриена монументална градба од ранoримско време врз која подоцна бил изграден нов објект со мозаичен под, а на крајот од IV век или почетокот од V век над него бил изграден источниот градски бедем. Во 1981 година се преземени нови истражувања, но од помал обем. Во старите истражувања објектот се нарекува „Градба со арки“. Систематските археолошки ископувања се започнати во 2003 година и континуирано траат до 2009 година. Во рамки на овие кампањи истражуваниот простор се нарекува „Римски форум“. Градбата е лоцирана на источната тераса од градот, во непосредна близина на внатрешниот градски бедем. Со истражувањата се констатирани повеќе фази, односно обновување на градбата и подоцнежни преградувања во самиот објект. Среќна околност е што објектот по неговото рушење е целосно напуштен и не е користен како мајдан за градежен материјал. Поради ова, сите делови од архитектонската пластика ги пронаоѓаме на местото каде што паднале во моментот на рушењето. Градбата е подигната на преминот од I во II век н.е. или најдоцна во првата третина од II век. Има правоаголна форма со две апсидални простории, а ѕидовите од тули и камен се разделени со масивни пиластри кои ги красат арки. Ѕидовите од горниот спрат биле изведени идентично. Кратко по изградбата, објектот бил реновиран т.е. пониските зони од ѕидовите биле украсени со релјефи од розев и бел мермер, додека повисоките делови добиле фреско и штуко декорација. Подовите во апсидалните простории биле изведени во техника опус сектиле со плочи од розев и зеленикав мермер. Нишите во овие простории биле украсени со фрески и во нив стоеле позлатени скулптури. Помеѓу апсидалните простории се наоѓа влезот во објектот.



**Слика 5.** Градбата со арки

Градбата сигурно била вон употреба на почетокот од IV век кога во внатрешноста е изградена цистерна и канал кој се поврзува со Малата бања на запад.

Преминот од централната просторија кон апсидалните бил затворен, а над влезот била поставена градба со масивни скалила која е многу лошо сочувана и се претпоставува дека е помал пагански храм. Кон крајот од IV век градбите на просторот биле вон функција и тука биле погребувани некои од граѓаните на Стоби. Некаде во првата половина од VI век паднал и вториот спрат од оригиналната градба, а над сето

тоа се документирани и траги од поплава. Објектот сé уште не комплетно истражен, но очигледно е дека станува збор за величествена јавна градба која би можела да биде подигната единствено во близина на градскиот форум.

**2.7. Коцкарница**

Објектот претставува луксузна резиденција која се наоѓа северно од театарот.

Истражувана е во 1939 – 40, 1972 и 1981 г., додека поновите истражувања се парцијално изведувани во периодот помеѓу 2000 и 2009 година. Името го добива според наодите во апсидалната дворана со подни мозаици. Тука се откриени две мермерни табли, една бронзена табла како и повеќе коцки. Двораната има фонтана во средината, а околу неа се распоредени повеќе простории чии подови се од мермерни плочи или пак имаат мозаик. На северниот крај се наоѓаат бања и тоалет. Бањата има хипокаустен систем и две кади, додека во тоалетот има шолја што е единствен случај на Стоби. На западниот крај од објектот се наоѓа перистил со базен. Откритието на луксузни предмети со христијански мотиви, како и откривањето на фрески со светители во поновите истражувања, наведуваат на размислување дека овој објект е всушност епископската резиденција. Ваквата теза се потпира и на фактот што палатата се поврзува со Епископската Базилика преку т.н. Виа Еписцопалис која е поплочена со мермерни седишта од театарот. Градбата е изградена кон крајот на IV век, но во текот на VI век е преградена така што некои од ѕидовите биле употребени во новите скромни куќарки.

**Заклучок:**

Како заклучок ќе наведеме дека својот монументален изглед градот го добил во доцноримскиот период. Најзначајните откриени објекти, меѓу кои куќите на Партениус, Полихармос, Перистереј, Теодосијската палата, епископската резиденција, Куќата на ткајачот и други, потекнуваат од периодот меѓу IV и V век.

Со истражувањата под неколкуте градби во централното подрачје на подоцнежниот град, констатирани се слоеви од 3-ти и 2-ри век п.н.е., а пронајдени се бронзени предмети од класичниот и архајскиот период, како и поединечни керамички предмети од неолитскиот период. Се претпоставува дека градот бил основан во 359 г. п.н.е. Во 168г. п.н.е., со победата на римјаните над кралот Персеј, Македонија била поделена на четири области. Тогаш Стоби станува центар на трговија на третата област. Во 148 г. п.н.е. Македонија станува римска провинција. За време на владеењето на август (31-14 г.п.н.е.) градот се шири на запад и југ, за што сведочат 55 гробови од западната некропола, од времето на Август. Ширењето на градот се поврзува и со подигањето на статусот на градот во ранг на муниципиум, 69г.н.е., кога почнуваат да се коваат монети со натпис "Municipium Stobensium". Во текот на раниот и средниот римски период, градот Стоби цутел, на што укажуваат повеќето натписи на споменици.

Како најзначаен истакнат споменик од римскиот град е секако Театарот изграден во 2-3 век од н.е. Градскиот бедем е од 3-ти век, додека внатрешниот бедем од источната страна е секако од доцниот 4-ти век, кога бил напуштен источниот дел на надворешниот бедем. Внатрешниот бедем, секако, е подигнат по низата поплави од реката Црна. Тој требало да претставува подобра и посигурна заштита, па бил изграден дури и преку големи градби од јавен карактер со добро зачувани мозаични подови.

Во текот на римскиот период Стоби бил исто така значаен и влијателен град.

Градот бил епископско средиште уште од 325 г., ког епископот Будиос зел учество во Никејскиот собир.

## Conclusion:

In conclusion, we will state that the city got its monumental appearance in the late Roman period. The most important objects discovered, including the houses of Parthenius, Polyharmos, Peristereus, Theodosius' Palace, the Episcopal residence, the Weaver's House and others, date from the period between the 4th and 5th centuries.

Excavations under several buildings in the central area of the later city have revealed layers from the 3rd and 2nd century BC, and bronze objects from the Classical and Archaic periods have been found, as well as individual ceramic objects from the Neolithic period. . It is assumed that the city was founded in 359. п.н.е. In 168 BC, with the victory of the Romans over King Perseus, Macedonia was divided into four areas. Then Stobi became the center of trade in the third area. In 148 п.н.е. Macedonia becomes a Roman province. During the reign of Augustus (31-14 BC) the city expanded west and south, as evidenced by 55 tombs from the western necropolis from the time of Augustus. The expansion of the city is also associated with the raising of the status of the city in the rank of municipality, 69 BC, when coins with the inscription "Municipium Stobensium" began to be minted. During the early and middle Roman period, the city of Stobi flourished, as indicated by most inscriptions on monuments.

As the most important prominent monument of the Roman city is of course the Theater built in the 2-3 century AD. The city wall is from the 3rd century, while the inner wall on the east side is certainly from the late 4th century, when the eastern part of the outer wall was abandoned. The inner wall, of course, was erected after a series of floods from the Black River. It was supposed to provide better and more secure protection, so it was built even through large public buildings with well-preserved mosaic floors.

During the Roman period Stobi was also an important and influential city.

The city has been an episcopal center since 325, when Bishop Budios took part in the Council of Nicaea.

## ЛИТЕРАТУРА:


1. Vrguljan V, *Medjunarodni sistem zastite kulturnih i prirodnih dobara*, Zagreb – Beograd,1985
2. Димитров, В.,Н., Котески, Ц.(2015). Туристичка географија, Универзитет "Гоце Делчев"- Штип, ISBN 978-608-244-216-7,
3. Котески, Ц., Димитров, В., Н.(2019). Национална туристичка географија, ISBN 978-608-244-641-7 Универзитет "Гоце Делчев"- Штип,
4. Koteski, Cane (2010) Меѓународен туристички сообраќај – авторизирани предавања.
5. Koteski, Cane and Dimitrov, Nikola and Jakovlev, Zlatko (2016) Состојба на македонската сообраќајна мрежа и нејзиното влијание врз меѓународниот сообраќај. Bulletin of Papers ASA - 2008-2009. pp. 53-69. ISSN 0352-3497
6. Котески, Ц.(2017). Сообраќај во туризмот, Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, ISBN 978-608-244-395-9
7. Просторен План на Република Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање (2.07. 2107).
8. Ристов Ј.(1997). *Споменичка терминологија – генерички поими за заштитени добра со избор на дефиниции*, Скопје, 1997

Веб страни:
1. makedonskibiser.com.mk
2. stobi.mk